УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП

ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ


# З Б О Р Н И К

## НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА

## *„КОМПЕТЕНЦИИТЕ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА УЧИТЕЛОТ ВО 21 ВЕК “*


Штип, 2015

## ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ

**НАУЧНО - СТРУЧНА ТРИБИНА**

# *„КОМПЕТЕНЦИИТЕ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА УЧИТЕЛОТ ВО 21 ВЕК“*

(одржана на ден 03.10. 2014 година, Факултет за образовни науки, Штип)

2015, Штип

**За издавачот:**
проф. д-р Соња Петровска, декан

**Издавачки совет:**
проф. д-р Саша Митрев
проф. д-р Блажо Боев
проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска
доц. д-р Кирил Барбареев

**Уредувачки одбор – Editorial Board:**
проф. д-р Снежана Јованова Митковска
проф. д-р Снежана Мирасчиева
доц. д-р Кирил Барбареев
доц. д-р Билјана Попеска
пом.асс. м-р Јадранка Рунчева

**Јазично уредување - Language Editor:**
Марија Иванова (македонски јазик)
м-р Снежана Кирова (англиски јазик)

**Дизајн на корица - Design:**
проф.д-р Никола Смилков

**Техничко уредување – Technical Editing:**
доц. д-р Билјана Попеска
пом.асс. м-р Јадранка Рунчева

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

373.3.091.12:005.962.131
37.011.3-051:005.966(075.8)

КОМПЕТЕНЦИИТЕ и професионалниот развој на учителот во 21 век : научно-стручна трибина / [уредувачки одбор Снежана Јованова Митковска ... и др.]. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за образовни науки, 2015. - 165 стр. : илустр.

Дел од трудовите на англ. јазик. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-244-245-7

а) Наставници - Компетентност - Високошколски учебници б) Наставници - Професионален развој - Високошколски учебници
COBISS.MK-ID 99385354

# СОДРЖИНА

Снежана Мирасчиева
КОМПЕТЕНЦИИТЕ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА УЧИТЕЛОТ ВО 21 ВЕК.......2

Виолета Николовска
ОКОЛУ КОМПЕТЕНЦИИТЕ НА УЧИТЕЛОТ......................................................................9

Киро Јорданов
КАРИЕРНИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАВНИКОТ КАКО МОТИВАЦИЈА ЗА РАБОТА............15

Снежана Јованова-Митковска
КАКОВ НАСТАВНИК САКАМ ДА БИДАМ?..................................................................21

Весна Ничева
ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА НАСТАВНИКОТ – КОМПЕТЕНТЕН НАСТАВНИК НА 21- ВЕК..............................................................................................28

Весела Паунчева-Велјановска, Оливера Трифуновска
СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА ВО 21 ВЕК..............33

Владо Петровски, Даниела Коцева
МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ И ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА УЧИТЕЛОТ..............37

Данче Николовска-Вратеовска, Виолета Ничева-Тиквешанска, Снежана Мојсоска, Вањa Џамбазова-Николовска, Александра Ангеловска
ФУНКЦИЈАТА НА УЧИТЕЛОТ И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ГЕНЕЗАТА НА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ И ЕКОНОМИЈА БАЗИРАНА НА ЗНАЕЊЕ.......................................................43

Биљана Петковска, Снежана Кирова, Драгана Кузмановска
СТАВОВИТЕ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ВРСКА СО НАСТАВНИЧКИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ...51

Деспина Сивевска, Јадранка Рунчева
СОСТОЈБИ И ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД УЧИТЕЛСКАТА ПРОФЕСИЈА ВО 21 ВЕК..............56

Василка Ѓурчиновски
МЕНАЏЕРСКИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ НА ВОСПИТУВАЧОТ КАКО ФАКТОР ЗА ЕФЕКТИВНО И ЕФИКАСНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА ВО УЧЕНИЧКИОТ ДОМ..........................................................................................61

Блаже Китанов, Ирена Китанова
ПРОФЕСИЈАТА УЧИТЕЛ И СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО..........................................66

Билјана Попеска
КОМПЕТЕНЦИИ НА ОДДЕЛЕНСКИОТ НАСТАВНИК ОД АСПЕКТ НА ФИЗИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ..............................................................................................71

Ирена Раковска
ДОЖИВОТНОТО УЧЕЊЕ-ПОТРЕБА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ...80

Оливер Цацков
НАСТАВНИКОТ И ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА НОВОТО ВРЕМЕ............................................85

Кирил Барбареев
КУРИКУЛУМОТ ВО РАНАТА УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ......................................................89

Елизабета Симоновска
ИНКЛУЗИВНО ОБРАЗОВАНИЕ..........................................................................................100

Емилија Петрова Ѓорѓева
ДЕФИНИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ ВО ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ........103

Ефимија Донева
УЧИТЕЛОТ КРЕАТОР И РЕАЛИЗАТОР НА ВОСПИТНО – ПЕДАГОШКАТА ДЕЈНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО..........................................................................................................111

Милена Јакимовска, Гордана Мирчовска
АВТОРИТЕТОТ НА УЧИТЕЛОТ НЕКОГАШ И ДЕНЕС...................................................116

Снежана Мирасчиева, Нада Арсова
ДОМАШНИТЕ ЗАДАЧИ НА УЧЕНИЦИТЕ И ПОДДРШКАТА НА РОДИТЕЛИТЕ............119

Славица Колева, Јорданчо Митков, Киро Јорданов, Зоран Павлов, Лидија Јовановска
G-COMPRIS - ОБРАЗОВНА ДИДАКТИЧКА ИГРА ВО ОДДЕЛЕНСКА НАСТАВА..........127

Ленче Насев
МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ-ПРОМЕНИ И МОЖНОСТИ...............................................134

Даниела Коцева, Владо Петровски
ПРОБЛЕМИ И ДИЛЕМИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕЛИГИСКО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.........................................137

Лидија Камчева – Панова, Елена Ташкова
МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ И МЕЃУЕТНИЧКИТЕ ОДНОСИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО – ПРОЕКТ: МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО...............................141

Ана Наковска
ИНТЕГРИРАНО ПЛАНИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА..................146

Татјана Уланска, Снежана Кирова
ДИЈАЛОГ КАКО ТЕХНИКА НА УЧЕЊЕ НИЗ НЕКОЛКУ ПРИОДИ.................................155

Милена Ристова – Михајловска
ИНОВАТИВНИОТ ПРИСТАП КОН ЛИТЕРАТУРНОТО ДЕЛО – МОЖЕН ЧУВАР НА ЧИТАТЕЛСКАТА ТРАДИЦИЈА...........................................................................................159

**УДК: 37.011.3-051:37.014.54(497.7)**

# ФУНКЦИЈАТА НА УЧИТЕЛОТ И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ГЕНЕЗАТА НА ЧОВЕЧКИОТ КАПИТАЛ И ЕКОНОМИЈА БАЗИРАНА НА ЗНАЕЊЕ

**Данче Николовска-Вратеовска[1], Виолета Ничева-Тиквешанска[2], Снежана Мојсоска[3], Вања Џамбазова-Николовска,[4] Александра Ангеловска[5]**

*[1]Министерство за финансии, Управа за јавни приходи; Совет на о. Штип*
*[2]Фондација за развој на локалната заедница- Штип*
*[3]Факултет за безбедност при Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола*
*[4]Локална самоуправа- Штип, Одделение за јавни служби*
*[5]Локална самоуправа- Штип, Одделение за правно-нормативни работи*

**Апстракт**
**Живеењето во модерното општество претставува функционирање во глобален свет, којшто воден од глобализационите трендови и интензивните технички и технолошки промени и иновации, се потпира на знаењето и човечкиот капитал како суштествен инпут за одржлив економски раст и развој. Основната конкурентна предност на една модерна економија или т.н. економија базирана на знаење, повеќе не е ниту евтината работна сила, ниту ниските даноци, ниту геостратешката положба. Тоа е знаењето на вработените, нивната креативност и иновативност, проактивност, претприемачкиот дух и експертиза во дадени области. Денешната примена на најпропулзивна техника и технологија е во рапиден пораст. Во услови на висока и лесна достапност на информации, како и дистрибуција на истите, клучен сегмент при лиферувањето на квалитетно образование е начинот на трансфер на тоа знаење. Иако не е помалку важно и соодветното регулациско, институционално т.е. инфраструктурно опкружување, како и техничката и логистичката поддршка во образовните институции, сепак, наставниот кадар кој го спроведува образовниот процес, е суштествен и носечки елемент во процесот на обезбедување на квалитетно образование. Овој труд има за цел, користејќи го нормативниот и позитивниот истражувачки пристап, преку методите на историска и трендовска компаративна анализа и преку индуктивниот и дедуктивниот научно-истражувачки метод, да го утврди влијанието, како и трансмисионите канали на пренос на ваквото влијание на учителот и образованието во генезата на човечкиот капитал и економијата базирана на знаење. Притоа, ќе биде даден посебен осврт, како и препораки за подобрување на состојбата во Р. Македонија.**

***Клучни зборови: модерно општество, иновации, општествено богатство, наставен кадар, одржлив економски раст и развој.***

# THE FUNCTION OF TEACHERS AND EDUCATION IN THE GENESIS OF HUMAN CAPITAL AND KNOWLEDGE BASED ECONOMY

**Danche Nikolovska Vrateovska[1], Violeta Nicheva Tikveshanska[2], Snezana Mojsoska[3], Vanja Djambazova Nikolovska[4], Aleksandra Angelovska[5]**

*[1]Ministry of Finance - Public Revenue Office, Municipal Council – Shtip*
*[2]Local Community Development Foundation, Stip*
*[3]Faculty of Security-Skopje-University "St. Kliment Ohridski" Bitola*

[4]*Department for Public Service, Local Government-Stip*
[5]*Department for Legal and Regulatory Matters*

**Abstract**
**Living in the modern society means functioning in a global world, which, led by global trends and intensive technical and technological change and innovation, relies on knowledge and human capital as an essential input for economic growth and sustainable development. The main competitive advantage of a modern economy and the so-called knowledge-based economy is no longer cheap labor or low taxes, nor geo-strategic position. It is the knowledge the employees have, their creativity and innovation, proactive and entrepreneurial spirit and the expertise in certain areas. The usage and application of technology these days is in rapid growth. In terms of easy availability and distribution of information, the key segment of increasing the quality of education is the way in which this knowledge is transferred to students. Although the relevant regulation, institutional environment and infrastructure, the technical and logistical support to educational institutions is not less important, however, the role of the teacher who implements the educational process is the essential and central element in the process of providing quality education. This paper aims to determine the impact as well as the channels for transferring this influence on teachers and education in the genesis of human capital and the knowledge based economy by using the normative and the positive research approach, through the methods of historical and comparative analysis and through inductive and deductive research method. Special accent will be given to the situation in the Republic of Macedonia and recommendations will also be given for improving the quality in education.**

***Keywords: modern society, innovation, social wealth, teachers, sustainable economic growth and development***

## Вовед

Дваесет и првиот век наречен и век на знаењето, ја неметна неопходноста од присуство на квалитетни кадри во образовните процеси, односно квалитетни учители и професори кои ќе одговорат на предизвиците за реализирање, како на економските, така и на пошироките општествени цели. Општественото богатството се повеќе се состои од нематеријална вредност, а економскиот раст и развој станува висококорелиран со знаењето и иновативноста, кои канализирани преку правата од интелектуална сопственост, ја потврдуваат својата вредност, а бидејќи непречено се движат таму каде што побарувачката за нив е највисока, а законските и даночните бариерите се најниски, стануваат јавни: општествени и меѓународни. Реформираните образовни процеси во модерниот контекст на општествените случувања, воведоа новини, во однос на наставните приоди и учењето. Притоа, *автентичното учење* дефинира пристап кој има за цел да ги насочи учениците во истражување и работа со употреба на различни методи во решавање на проблеми од реалниот живот. *Акциското учење* ги насочува учениците да реализираат активности во насока на создавање промени. *Методологијата на искуствено образование* овозможува користење на директни искуства за поттикнување на критичкото мислење и развивање на вештини, вредности и продлабочување на знаењата. Искуственото учење, како најпозитивно учење, придонесува за реализација на ескперименти со кои ученикот самостојно донесува заклучоци. *Креативното мислење*, како ментален процес со кој се постигнува генерирање на нови идеи, решенија, влијае врз развојот на индивидуалноста на ученикот. *Методот на интегрирана настава*, каде решавањето на одредена задача вклучува повеќе наставни предмети, придонесува кон усовршување на истражувачките вештини кај ученикот и прецизност во дефинирањето на прашањата за истражување. За успешно постигнување на целите на

реформираното образование, од клучна важност е располагање со висококвалитетен наставен кадар и негово развојно усовршување, затоа што погоренотираните нови методи на учење, бараат и континуирано унапредување на вештините на наставникот.

**Образованието и научно-истражувачката дејност како базични елементи во создавањето на човековиот капитал и економијата базирана на знаење**

Образованието и научно-истражувачката развојна дејност се основните институционални општествени канали, преку кои се генерира човечкиот капитал како основен општествен стожер на економијата базирана на знаење. Тие се активности преку кои се стекнуваат знаењата и иновациите на поединецот и општеството во целина и се правопропорционално поврзани со растот на продуктивноста во економијата преку:

-создавањето на човечки капитал и поквалитетна работна сила за развивање на малите и средните бизниси, претприемништвото, услужниот сектор (како најпродуктивен) и на пропулзивните брзорастечки индустрии; и

-создавањето на научници и истражувачи како инструменти за иновации, нови технички и технолошки пронајдоци (Вратеовска, Николовска иТиквешанска, 2014).

Т*еоријата на човечкиот капитал (*Becker, 1994) укажува дека разликите во заработката на поединците се должат на индивидуалната продуктивност која произлегува од разликите во образованието, способностите, искуствата, вештините и обуките на самиот работник. Притоа, оваа теорија во контекст на економетриската анализа може да биде сведена на микрониво - кога се мери врската: количина на човечки капитал и заработувачка; и макроеконометриска анализа - која се фокусира на агрегатниот човечкиот капитал, како фактор за економски раст и развој. Најчесто, човековиот капитал во економската мисла се дефинира како серија од производствени способности, вештини, знаења и таленти на поединецот, стекнати преку: образовниот процес (во поширок контекст на поимање: формално и неформално образование), научно истражувачката работа, обуките и искуствата (Гоцевски, 2012). Невидливиот капитал т.е. човековиот капитал во себе ги инфилтрира знаењето, иновациите, информациите, дисеминацијата на идеи, креирање на нови вредности, базите на податоци, софтверските решенија, брендирањето, талентираните поединци, правата од интелектуална сопственост и имплементација на нови проекти. Невидливиот капитал уште се нарекува и недопирлив капитал и претставува значаен ресурс во денешната економија. Истиот, во однос на физичките и материјалните ресурси (кои со текот на времето имаат опаѓачка вредност и се амортизираат) има растечка вредност. Ова е поради фактот што знаењето (иако застарува) не се троши, т.е. едни исти знаења или пронајдоци или идеи, може повеќекратно да бидат употребувани, надоградувани и дури да прераснат во јавно добро. Трошоците за создавање на нематеријалниот капитал се полесно мерливи во однос на бенефитите од истиот, поради неговиот индиректен начин на учество во профитабилноста на компаниите. Затоа, еден од тековните предизвици на истражувачите е изнаоѓање на методи за менаџирање со нематеријалниот капитал и мерење на неговата вредност, како дел од вкупната актива на претпријатието. Притоа, најчесто користен метод за проценка на вредноста на расположливиот нематеријален капитал во едно претпријатие е соодносот помеѓу пазарната и сметководствената вредност на фирмата. Имено, честопати вкупната измерена пазарна вредност на едно претпријатие е повеќекратно повисока од неговата сметководствена вредност. Вредносната разлика ја чини токму недопирливиот, невидливиот т.е. човековиот капитал. Најновите истражувања говорат дека во успешните компании, учеството на нематеријалниот и невидливиот капитал учествува со просек од околу 80% во нивната вкупната актива (Vrateovska, Mojsoska, Dujovski and Tikveshanska, 2014).

Во вакви услови, во рамки на конкурентскиот натпревар на економиите базирани на знаење, компаративната предност на секоја економија ќе биде кумулираниот човечки капитал, знаењето и иновациите. Во своите истражувања

(Romer, 1986) доаѓа до заклучок, според кој, ако државите сакаат да го поттикнат економскиот раст, нивните економски политики потребно е:

- да ги охрабрат вложувањата во развојот на нови идеи и знаење, а не вложувањата и кумулацијата на физички капитал, и
- да го субвенционираат кумулирањето на вкупниот човечки капитал на ниво на државата.

### Влијанието на образованието врз економскиот раст и развој

Економетриските и компаративните анализи укажуваат дека, гледано низ призмата на учество во растот на БДП, акумулацијата на човечкиот капитал е три до четири пати позначајна од акумулацијата на неквалификуваниот труд, додека растот на вкупната факторска продуктивност (труд, капитал и природни ресурси) е значајно определена со иницијалното почетно ниво на човечки капитал (Hanushek, Woessmann and Zhang, 1999). Економската исплатливост од инвестирањето во образованието, има позитивни екстерналии и на микрониво преку зголемување на заработувачката на ниво на индивидуа, преку зголемување на продуктивноста на ниво на претпријатие, преку зголемување на знаењето и продуктивноста на агрегатно макроекономско ниво, како и на меѓународно ниво помеѓу националните економии. Инвестирањето во образованието и човечкиот капитал во една економија, имплицира подобра искористеност на трудот, капиталот и природните ресурси, т.е. е од суштествено и непобитно значење за ефикасна алокација на економските ресурси (основна парадигма на економската наука), намалување на невработеноста, зголемување на производството, раст на потрошувачката и зголемување на нивото на животниот стандард и квалитетот на живеење во заедницата. Повисокото ниво на образование ја зголемува можноста за вработување и стекнување со повисока заработувачка, а знаењето во една економија, овозможува вршење на успешна алокација и супституција на најразличните ресурси и форми на капитал, со цел постигнување на одржлив економски раст и развој. Постојат повеќе истражувања кои покажуваат дека статистичката корелација меѓу стапката на раст на БДП и нивото на развојот на човековиот капитал е директно определена од порастот на делот од БДП кој е наменет за образованието. На подолупоместениот дијаграм, кој го третира изминатиот тринаесетгодишен период во Р.Македонија, се огледа растечкиот тренд на агрегатните буџетските расходи (како процент од БДП) издвоени за ресорот образование, што споредбено и со домашниот фискален капацитет, претставува позитивен индикатор за земјава, како општество кое прави напори да го продлабочи инвестирањето во развојот на образованието. Воедно, бројни студии докажале дека постои тесна корелациона врска помеѓу нивоата на образование и можностите за вработуање на пазарот на труд. Потврда за тоа е и анализата на податоците на невработени лица во Р.Македонија според образовната структура. Имено, вкупното учество на невработените лица кои се стекнале со високо образование, магистратура или со степен доктор на науки изнесува само 17,9% од вкупниот број на невработени во месец јануари 2014 година, додека останатите високи 82,1% отпаѓаат на работна сила без образование, со основно, средно и вишо образование (Вратеовска, Николовска иТиквешанска, 2014).

Табела, слика бр.1: Буџетски трошоци во образование како % од БДП во Р.Македонија од 2000 до 2013 година

| **Година** | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **буџетски расходи (% од БДП)** | 3,20 | 3,10 | 3,30 | 3,30 | 2,40 | 3,00 | 2,80 | 3,40 | 4,70 | 3,80 | 4,50 | 3,70 | 3,60 |




*Извор: ДЗС, Министерство за финансии на Р.Македонија, НБРМ, обработка на авторот*

Илустративен е податокот за рангираноста на квалитетот на работната сила во Р.Македонија во споредба со други 121 земја, според четирите клучни критериуми: образование (52-ро место), здравје и здравствена заштита (63-то), работна сила и вработување (115-то) и работни услови и околина (54-то место). Имено, според овој извештај, земјава се наоѓа на 65-тото место, при што најдобрите работници во светот ги имаат Швајцарија (4-то место во образование), Финска (која е прва на листата според критериумот образование), Сингапур (3-та по образование), Холандија (7-мо место според критериумот образование) и Шведска (14-та по образование); (World Economic Forum, 2013).

**Значењето, функцијата, карактеристиките и вештините на современиот наставник во модерен контекст**

И покрај тоа што технологијата има високозначајна улога во дефинирањето и профилирањето на идниот општествено-корисен граѓанин, сепак, човечкиот фактор ја игра најважната улога во процесот на трансферот на знаење во образовните институции и акумулирањето на човечкиот капитал во општеството. Наставниот кадар т.е. учителите во образовните институции, почнувајќи од описменувањето на населението, па до усовршувањето во посебна област, ја имаат иницијалната, примарната и најважаната улога при креирањето на човечкиот капитал и создавањето на општество и економија базирани на знаење. Новата улога на наставникот е условена од новопоставените принципи на имплементирање на едукативниот процес: потикнување на самостојното и критичко учење, стимулирање на индивидуална и тимска работа, учење по пат на решавање на проблеми, спроведување на методите бура на идеи и групни дискусии, проектно учење и самостојно истражување, вештини за користење на повеќе извори на знаења, студиии на случај и сл. Имено, со цел успешно спроведување на образовниот процес, квалитетниот и современ наставник е потребно да ги сервисира следниве функции: да ја осознае почетната состојба на целната група која е предмет на образовниот процес; соодветно на ваквото осознавање, да ја креира наставата и воспитно-образовната програма; да подучува, информира и води; да оценува; да ги креира и регулира социјалните интеракции помеѓу наставниците, учениците и родителите и надворешното општествено опкружување; да ги стимулира интересот и мотивацијата кај учениците; успешно да менаџира со промените, континуирано да ја самоевалуира, истражува и унапредува сопствената работа; и да биде модел на позитивна, морално-одговорна и угледна личност за идентификација на учениците.

Како најмногу нотирани *карактеристики* (од голем број на автори) кои е потребно да ги поседува современиот наставник се интерактивноста, екстровертноста, комуникативноста, флексибилноста и адаптибилноста. При тоа е потребно истиот да ја изведува наставата на демократски (а не автократски начин); континуирано да го следи развојот на учениците, да стимулира стекнување и споделување на сознајните и истражувачки искуства од страна на учениците, да поттикнува постигнување на подобри резултати, да ги почитува разликите меѓу учениците и да води сметка за

нивниот развој условен од индивидуалните можности; да ги утврди потребите и индивидуалните интереси на учениците; да се грижи за физичкиот, емоционалниот и когнитивниот развој на секој ученик; да обезбеди услови за развивање на сопствени идеи и ставови кај учениците, како и почитување на тие идеи и ставови; да го развива дијалогот помеѓу учениците и доследно да ги почитува нивните права.

Во рамки на потребните *вештини,* во функција на спроведување на успешен образовен процес се: вештините потребни за одбирање на предвидените педагошки цели и резултати и начинот како најлесно да се постигнат; вештини потребни за успешно вклучување на ученикот во учењето, особено во однос на квалитетот на подучувањето; вештини потребни за организација на активностите за време на наставата со кои се одржува фокусот на внимание на ученикот, неговиот интерес и учество; вештини потребни за да се развие и одржи мотивираноста и позитивниот однос на ученикот кон наставата; вештини потребни за да се одржи редот во одделението и ученичката дисциплина; вештини за реално субјективно и формативно оценување; и вештини потребни за да се самоевалуира сопствената настава заради нејзино подобрување.

Веќе сублимиравме дека суштествена улога во процесот на трансфер, генерирање и акумулирање на знаење има човечкиот фактор т.е. во рамки на образовниот процес: наставниот кадар. Во таа смисла, сметаме дека професионалниот развој, односно подготовката, усовршувањето и оспособувањето на образовните кадри е клучот за квалитетно образование. За постигнување на успешен професионален развој на наставниците, потребно е истите да поседуваат инцијално образование, да се обезбедат услови за континуирано надградување на нивните знаењата и создавање на професионално-стимулативни услови за развивање на нивните вештини и способности. Освен тоа, како комплементарно опкружување кое ќе обезбеди амбиент на општество и економија базирани на знаење се и соодветното регулациско, институционално т.е. инфраструктурно опкружување, како и техничката и логистичката поддршка во образовните институции. Во функција на обезбедување на вакви услови, во Р.Македонија беа превземени бројни законски, програмски и институционални решенија, со цел обезбедување на поквалитетно образование. Во оваа насока се и дефинираните и усвоени современи стратегии на наставата и правилници за нормативи и стандарди за вршење на воспитно-образовна дејност во земјава, кои се во согласност со европските стандарди за ефективна настава и учење. Во овој контекст ќе ги споменеме измените во регулативата кои се однесуваат на подигањето на нивото на критериумите за избор на наставен кадар, како и за нивна евалуација во делот на екстерното оценување; измените во однос на воведување задолжително средно образование, издвоените буџетски средства за научно истражувачка работа (се движат во интервалот од 0,1% од БДП во 2006 година до 0,05% во 2011 година, а во просек изнесуваат 0,09% од БДП годишно), засилените ангажмани за усогласување на програмите во стручното образование со потребите на пазарот на труд, издвоените средства за подобување на инфраструктурните и техничките образовни капацитети, субвенционирањето на училишниот превоз, учебниците, пороектот компјутер за секое дете, дисперзираното високо образование, воведување на претприемништвото во рамки на наставните програми во средното образование, итн.

## Заклучни согледувања

Создавањето на услови за високо-квалитетно субвенционирано образование е оправдано, не само затоа што ги оспособува луѓето и им помага во намалување на нееднаквоста, туку затоа што земјите со ниско ниво на образование се изложени на ризикот да останат маргинализирани и заробени во технолошка стагнација и низок економски раст. Освен автономните образовни промени, динамиката на глобалните процеси, економските и технолошките процеси имаат силно влијание врз промените

во образовниот систем. Затоа е потребна мултисекторска и интегрирана долгорочна акција, со цел обезбедување на инфраструктура која ќе создава амбиент и цврста заложба на државите во поддршката и развојот на образованието, науката и истражувањата, како и за поттик на конкуренцијата, претпримништвото и иновациите.
Со цел креирање на амбиент на општество и економија базирана на знаење, предлагаме насоки кои понатаму ќе е потребно да бидат сведени на ниво на операционализирање: трансформација на образовниот систем од репетативен кон креативен, когнитивен и доволно флексибилен за навремено да одговори на брзите техничко-технолошки промени и на индивидуалните образовни / развојни потреби на партиципиентите, имплементација на концептот доживотно учење, спроведување на принципите на претприемничкото учење на сите нивоа на образование (започнувајќи од основното), а преку усвојување на пристапот - економија базирана на знаење, инфилтрирање на програми за развој на претпримништвото (проект во зародиш), иновациониот менаџмент и менаџментот на промени во рамки на програмите на средните училишта и факултетите, стимулации за зголемување на истражувачките проекти, континуирано развивање на јавни политики за промовирање на претприемништвото и иновациите, создавање на услови во кои практичната настава и применетото знаење би биле едни од основните модели за учење, обезбедување на долгорочен и одржлив систем на финансирање за континуирано унапредување на знаењата и вештините на наставниците (посебно во делот на надградба на знаењето и вештините за примена на ИКТ како алатка во процесот на наставата), и доследно спроведвање на концептот на доживотно учење (преку формите на формалното и неформалното образование), како основен императив за опстој на: индивидуата на пазарот на труд; и за националните економии во конкурентскиот натпревар на национално и меѓународно рамниште.

**Користена литература:**


1. Вратеовска Н.Д., Николовска Џ.В., Тиквешанска Н.В. (2014). ,,Микро и макроекономски аспекти за влијанието на образованието врз човековиот капитал, пазарот на труд и економскиот раст и развој,, Научно-стручна конференција со меѓународен карактер: *Современото воспитание и образование, состојби, предизвици и перспективи*, Совет на о.Штип;
2. Гоцевски Т. (2012). Парадигмата на човечкиот капитал во земјите во транзиција и улогата на универзитетот во неговото создавање. *Годишен зборник, Универзитет, "Св.Кирил и Методиј" - Скопје;*
3. ДЗС, *Научно истражувачко развојна дејност 2007, 2008, 2009, 2010 и 2011 година*, Државен завод за статистика.
4. World Economic Forum (2013).The Human Capital Report. *Insight Report*, *WEF.*
5. Becker G. (1994). *Human Capital: A theoretical and empirical analysis with special reference to Education*, Chicago: The University of Chicago Press.
6. Hannan D. F.and Smyth E. (2013)-.New Perspectives for Learning. *International Scientific Conference: The role of education in labour market changes, Economic and Social Research Institute, Dublin, Proceedings*.
7. Hanushek E. A., Woessmann L.and Zhang L. (1999).General Education, Vocational Education and Labor-Market Outcomes over the Life-Cucle. *Working paper 17504, NBER*
8. Romer M. P. (1986).Increasing Returns and Long Run Growth, *Journal of Political Economy 94.*
9. Vrateovska N.D., Mojsoska S., Dujovski N. and Tikveshanska N.V. (2014). The needed elements for knowledge-based economy in the function of growth and development of

SMEs, *International scientific conference: SMEs development and innovation: building competitive future of South-eastern Europe*, *Faculty of Economics - Prilep, University "St. Kliment Ohridski" – Bitola, Proceedings*.
10. World Economic Forum (2013).The Human Capital Report. *Insight Report*, *WEF.*
11. · http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=39, посетено на 26/09/2014.
12. http://www.finance.gov.mk/view/budget, посетено на 26/09/2014.
13. http://www.nbrm.mk/?ItemID==AF25F93159EE264F9A1F28C202D1E0F, посетено на 26/09/2014.